У-6 бр.524/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телеграфчиска - претседател на советот, Рамије Цара и Ѓоко Живковски- членови на советот, со записничар Анета Стевановиќ - судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Цементарница УСЈЕ АД Скопје, преку полномошник Адвокатско друштво Чакмакова адвокати од Скопје, против Решението бр.10-497/6 од 14.08.2019 година донесено од Државната комисија за жалби по јавни набавки, на седницата на советот одржана на ден 17.09.2020 година, согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови, донесе:

# П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Цементарница УСЈЕ АД Скопје против Решението бр.10-497/6 од 14.08.2019 година донесено од Државната комисија за жалби по јавни набавки, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор ја оспорува законитоста на одлуката на тужениот орган означено во изреката на оваа пресуда, поради повреда на правилата на постапката и погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба. Предлага судот оспореното решение да го поништи и во смисла на член 40 став 1 алинеја 5 и 6 од Законот за управните спорови да ја поништи и Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитет „Рит Круши" општина Сопиште за минерална суровина - цементен лапорец, на ДТШП ЛОТКА Стојанче ДООЕЛ Скопје број 42-5553/3 од 23.08.2016 година објавена во Службен весник на Република Македонија бр.163/2016, и да ја реши управната работа во целост.

Тужениот орган во одговор на тужбата остана кон наводите на оспореното решение со предлог да се одбие како неоснована.

Судот најде дека тужбата на тужителот е неоснована.

Со оспореното решение, донесено во повторната постапка, жалбата на жалителот Цементарница УСЈЕ АД Скопје изјавена против незаконско водење на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитет „Рит Круши" општина Сопиште за минерална суровина - цементен лапорец, спроведена по јавен повик бр.3/2016 објавен во Сл.весник на РМ бр.73 од 13.04.2016 година и во кое е донесена одлуката за избор на најповолна понуда број 42-5553/3 од 23.08.2016 година, на концедентот на Република Македонија - Влада на Република Македонија - Министерство за економија, се одбива како неоснована. Согласно точка 2 наведено Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение Судот најде дека истото е законито.

Согласно член 37 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2006 и 150/2010), законитоста на оспорениот управен акт, судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но притоа не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 17 став 1 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” број 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15 и 192/2015 и 39/16), Врз основа на одлуката за доделување на концесијата за детални геолошки истражувања на минерални суровини, концедентот и концесионерот склучуваат договор за концесија за детални геолошки истражувања. Согласно став 2 од истиот член, Договорот за концесија за детални геолошки истражувања во име на концедентот го склучува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена, сметано од денот на влегувањето во сила на одлуката за доделување на концесија.

Согласно член 210 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија број 27/15...83/2018), битни повреди на законот во постапките за доделување на договор за јавна набавка се, ако:
·постапката за доделување на договор за јавна набавка е спроведена без одлука за јавна набавка со елементите пропишани во членот 28 ставови (2) и (3) на овој закон,
·постапката за доделување на договор за јавна набавка е спроведена без да се спроведе технички дијалог во случаите каде што неговото спроведување е задолжително согласно со овој закон,
·тендерската документација на постапката за доделување на договор за јавна набавка не е во согласност со овој закон и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или ограничување на пазарната конкуренција:
·не е постапено согласно со член 54 став (2) од овој закон,
·се сторени битни пропусти кои се однесуваат на отворањето на понудите,
·се сторени битни пропусти кои се однесуваат на евалуацијата на понудите,
·не е постапено согласно со членот 140 ставови (11) и (12) од овој закон,
·не е постапено според членот 215, а во врска со членот 222 ставови (4) и (5)од овој закон,
·не е постапено согласно со решението на Државната комисија,
·е извршен избор на понуда која не е најповолна и
·е извршен избор на неприфатлива понуда.

Согласно член 211 од Законот за јавни набавки, во постапката за правна заштита Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност и во поглед на битните повреди пропишани во член 210 од овој закон.

Од списите по предметот произлегува дека концедентот Влада на Република Македонија врз основа на член 17 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство и член 15 став 2 од Законот за минерални суровини донел одлука за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини бр.42-12620/1-15 од 12.01.2016 година објавена во Сл.весник на РМ бр.7/2016 година. Јавниот повик бр.3/2016 за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини е објавен во Сл.весник на РМ бр.73 од 13.04.2016 година за вкупно 7 локалитети меѓу кои и за локалитет „Рит Круши“ општина Сопиште за минерална суровина – цементен лапорец. По објавениот јавен повик и спроведеното јавно отварање на

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

пристигнатите понуди била извршена еваулација на понудите за што бил изготвен записник од јавното отворање на понудите и извештај за еваулација за пристигнатите понуди двата од 18.05.2016 година. По спроведената постапка концедентот Влада на РМ на ден 23.08.2016 година донел одлука за избор на најповолна понуда бр.42-5553/3 од 23.08.2016 година за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - цементен лапорец на локалитет „Рит Круши“ општина Сопиште, на Друштвото за транспот Шпедиција и промет Лотка Стојанче ДООЕЛ извоз – увоз Скопје како избран најповолен понудувач, Во одлуката во точка 8 е наведено дека најповолниот понудувач е должен да го потпише договорот за концесија во рок не подолг од 60 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука. Оваа одлука била објавена на 30.08.2016 година која стапува во сила наредниот ден од објавувањето во Службен весник, односно од 31.08.2016 година.

На ден 20.06.2017 година Цементарница УСЈЕ АД Скопје поднела жалба изјавена против незаконско водење на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитет „Рит Круши“ општина Сопиште за минерална суровина – цементен лапортец, спроведена по јавен повик бр.3/2016 објавен, до Државната комисија по жалби за јавни набавки поради незаконско водење на постапката за доделување на концесија, затоа што согласно одлуката за избор на најповолен понудувач, Друштвото за транспорт шпедиција и промет ЛОТКА Стојанче ДООЕЛ увоз – извоз Скопје како избран најповолен понудувач било должно да го потпише договорот за концесија во рок не подолг од 60 дена од денот на влегување во сила на одлуката, односно во рок од 60 дена сметано од 31.08.2016 година или најдоцна до 31.10.2016 година, во кој рок договорот не бил склучен, па согласно член 40 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, Влада на РМ била должна да го склучи договорот со него како второ рангиран понудувач. Постапувајќи по жалбата Државната комисија за жалби по јавни набавки на ден 05.07.2017 година донела решение бр.10-325/7 со кое жалбата на жалителот Цементарница УСЈЕ АД Скопје поднесена на ден 20.06.2017 година изјавена против незаконско водење на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитет „Рит Круши“ општина Сопиште за минерална суровина – цементен лапортец, спроведена по јавен повик бр.3/2016 објавен во Сл.весник на РМ бр.73 од 13.04.2016 година и во кое е донесена одлуката за избор на најповолна понуда број 42-5553/3 од 23.08.2016 година, на концедентот на Република Македонија – Влада на Република Македонија – Министерство за економија, се одбива како неоснована. Во точката 2 е наведено Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно.

Против наведеното решение била поднесена тужба до Управниот суд која со Пресуда У-6.бр.609/2017 од 03.07.2019 година била уважена, предметното решение било поништено и предметот бил вратен на повторно постапување и одлучување пред тужениот орган. Со сега оспореното решение бр.10-497/6 од 14.08.2019 година жалбата на сега тужителот се одбива како неоснована.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, имајќи ги предвид напред цитираните законски одредби и приложените докази, Управниот суд најде дека тужениот орган правилно утврдил дека во конкретниот случај не постои законски основ за поништување на Одлуката за избор на најповолна понуда бр.42-5553/3 од 23.08.2016 година ниту можност да му наложи на договорниот орган да даде предлог до концедентот за склучување на договор за концесија со сега тужителот. Наведеното од причина што целокупната постапка завршила со донесување на

Одлука за избор на најповолна понуда и сега тужениот орган нема законски основ за постапување во врска со склучувањето и следењето на исполнување на концесиските договори.

При одлучувањето судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот дека не е постапено согласно законските одредби од член 40 од Законот за Минерални суровини според кој во случај најповолниот понудувач да се откаже од склучување на договорот, концедентот, може да го склучи договорот со второрангираниот понудувач, но истите не ги прифати како основ за поинакво одлучување од причина што во прилог на списите постои Договор склучен помеѓу концедентот и најповолниот понудувач па оттука произлегува дека истиот не се откажал од склучување на договорот. Судот исто така најде и дека наведената законска одредба дава можност концедентот да склучи договор со второрангираниот понудувач но не и задолжителна обврска истиот тоа и да го стори.

По однос на тужбениот навод дека тужениот орган не одговорил на жалбениот навод од суштинско значење дали најповолниот понудувач го склучил договорот за концесија во определениот рок или не, Управниот суд најде дека не постои законски основ врз основа на кој тужениот орган ќе врши контрола на постапките на договорните органи по донесување на конечна одлука за избор на најповолна понуда.

Со оглед на погоре наведеното, судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управниот суд на ден 17.09.2020 година, под У-6.бр.524/2019.

Записничар - виш судски соработник
Анета Стевановиќ

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, судски такси од правни лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
- тужителот, преку полномошник
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

ЕДП/

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ 14 SHKUP GJYKATA ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник
4